

ООУ "Јохан Хајнрих Песталоци"
Скопје
ул."Апостол Гусларот" бр. 3 - Скопје
02/ 3 163 640; 3 213 148; факс: 3 213 148

# Дополнување на кодексот на однесување за ученици и правилникот за постапување при несоодветно однесување

Советот на предметни наставници ги усвои следниве мерки како дополнување на кодексот на однесување за ученици и процедурата за постапување при несоодветно однесување:

**1. Забрана за користење на мобилни телефони на час**
(исклучок - кога со дозвола од наставникот се користи како техничко помагало за часот). Учениците се должни при пристигнување во Училиште **да ги исклучат** своите мобилни телефони и да ги чуваат во своите ранци се` до завршување на часовите.
На учениците кои ќе извадат и користат мобилен телефон за време на час ќе им се изрече педагошка мерка *Усна опомена од одделенски раководител*. Со секое следно прекршување на ова правило ќе се изрече повисока педагошка мерка.

**2. Доцнење на настава**
Учениците се должи да доаѓаат навремено во Училиште, како и после завршувањето на големиот одмор (прв и четврти час). Секое доцнење на час ќе биде санкционирано со бележење на неоправдан изостанок.

**3. Непочитување на Кодексот на облекување**
Учениците се должни да бидат облечени во ученичка униформа која се состои од бела маица со амблем на Училиштето и Општината и од блуза/дукс со амблем на Училиштето и Општината. Униформата е задолжителна во Училиштето и за време на други вонучилишни активности. Не е дозволено да се носат куси здолништа, бермуди, искинати фармерки и сл. Косата треба да биде уредна и фризурата да не попречува контакт со очи. Непристојна гардероба и шминка ќе се санкционира од страна на одделенскиот раководител со враќање на ученикот/чката и известување на родителот.

**4. Нулта толеранција на насилство во Училиштето. Строго почитување на етичкиот кодекс на однесување за време на настава, одмор и вонучилишни активности.**
Учениците кои ќе го прекршат етичкиот кодекс на однесување или ќе манифестираат некаков вид насилно однесување ќе бидат соодветно санкционирани. Секој тип несоодветно однесување писмено ќе се евидентира од страна на наставникот преку посебни формулари за бележење и ќе биде доставено до одделенскиот раководител. Доколку истото однесување се повторува или се случи посериозно прекршување на училишните правила веднаш ќе биде известен родител и изречена соодветна педагошка мерка согласно *Правилникот за изрекување на педагошки мерки.*

Скопје, 28.8.2025

Директор:
Катерина Атанасова